Република Македонија
Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ К-4-2014

## Резиме


- **БДП** во К-4-2014 во однос на истиот квартал од претходната година забележа **реален раст** од 2,7%, така што просечниот раст во 2014 година изнесува 3,8%;
- **Бројот на вработени** во К-4-2014 е повисок за 1,5% во однос на истиот квартал претходната година. **Бројот на невработени** се намали за 3,6% на годишна основа, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** во К-4-2014 на 27,6%;
- **Стапката на инфлација** во К-4-2014, мерена според Индексот на трошоци на живот, забележа пад од 0,4% во однос на истиот квартал од 2013 година;
- Просечната **бруто плата** во К-4-2014 изнесува 32.077 денари и споредено со бруто платата во К-4-2013 е повисока за 2,8% на номинална основа и за 3,2% на реална основа;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-4-2014 се пониски за 11,1%, а вкупните **буџетски расходи** за 13,1% споредено со истиот квартал од 2013 година;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-4-2014 се зголеми за 3,9% на квартална основа;
- **Кредитната активност** на банките кон недржавниот сектор во К-4-2014 бележи раст од 3,6 % на квартална основа;
- **Македонскиот берзански индекс МБИ-10** во декември 2014 година се зголеми за 7,6% во однос на септември 2014 година, додека вкупниот промет остварен на берзата регистрира повеќекратен раст, односно се зголеми за 7,3 пати;
- Во К-4-2014 е забележан раст на **извозот** од 12,4% и на **увозот** од 10,3% на годишна основа, со што вкупната **надворешно-трговска размена** изразена во евра забележа раст од 11,1%;

# 1. Макроекономски трендови и реален сектор

БДП во К-4-2014 во однос на истиот квартал од 2013 година забележа реален раст од 2,7%, така што просечниот раст во 2014 година изнесува 3,8%[1]. Номиналниот раст на БДП во 2014 година изнесува 5,3% споредено со претходната година, а БДП дефлаторот изнесува 1,4%.

Графикон 1.1. Реална стапка на раст на БДП; Извор: ДЗС




Анализирано според **производната страна на БДП**, во К-4-2014 година позитивни остварувања забележаа повеќе дејности. Индустриското производство продолжи со поволните движења, па во К-4-2014 забележа реален раст од 2,8% на годишна основа, како резултат на растот на преработувачката индустрија од 4,5%. Градежништвото забележа раст од 11,1%, кој соодветствува со високиот раст на капиталните буџетски расходи во истиот квартал. Растот на услужниот сектор во К-4-2014 изнесува 1,6%. Во рамки на услугите, најголем придонес кон растот на економската активност имаше секторот Стручни, научни, технички и помошни услужни дејности, каде што е забележан раст од 12,4%, следен од секторите Уметност, забава, рекреација и останати услужни дејности (11,7%), Финансиски и дејности на осигурување (3,8%), Информации и комуникации (2%) и Дејности во врска со недвижен имот (0,9%). Во секторот Јавна управа и одбрана не е забележана промена, додека секторот Трговија, транспорт и угостителство забележа пад од 0,9%. Земјоделството во К-4-2014 забележа пад од 3,1%, по растот од 4,2% во првите три квартали.

Растот на **индустријата** во К-4-2014, согласно месечните податоци за индустриското производство, изнесува 4,7% и се должи на остварените позитивни движења кај: производство на тутунски производи (82,6%), производство на електрична опрема (28,5%), производство на машини и уреди (26%), производство на фабрикувани метални производи (22%), поправка и инсталирање машини и опрема (18,6%), производство на останата опрема за транспорт (18,2%), снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (14,6%), производство на хартија и производи од хартија (14,1%), производство на основни фармацевтски производи (11%), вадење руди на метал (7%), производство на производи од гума и пластични

[1] ДЗС истовремено направи ревизија на стапките на реален раст на БДП за претходните три квартали. Така, реалниот раст на БДП за К1 е ревидиран на 3,3% од 3,2% претходно, растот за К2 е ревидиран на 4,7% од 4,4% претходно, а за К3 растот е ревидиран на 4,3% од 4,1% претходно.

маси (6,3%), производство на други неметални минерални производи (6,0%), производство на метали (2,0%), преработка на дрво и производи од дрво и плута (1,6%), производство на мебел (0,5%), печатење и продукција на снимени медиуми (0,5%), производство на моторни возила[2] и останата производствена индустрија (51,1%). Оттука, позитивен годишен раст е регистриран кај 18 гранки, кои сочинуваат 59,7% од индустриското производство.

Пад е остварен кај: производство на пијалаци (29,3%), производство на кокс и рафинирани нафтени производи (22,0%), производство на кожа (17,1%), вадење јаглен и лигнит (15,9%), производство на хемикалии и хемиски производи (6,1%), производство на текстил (6,0%), производство на прехранбени производи (4%), вадење други руди и камен (3,7%) и производство на облека (2,4%).

Анализирано според **расходната страна на БДП**, во К-4-2014 растот е придвижен од извозот. Растот на извозот на стоки и услуги изнесува 22,4% на реална основа, и главно се должи на извозот на капацитетите во слободните економски зони. Увозот на стоки и услуги во К-4-2014 забележа реален раст од 17,4%. Позитивен придонес врз растот на БДП имаа и потрошувачката и инвестициите. Растот на финалната потрошувачка во К-4-2014 изнесува 2,7%, како резултат на растот и на приватната и на јавната потрошувачка. Растот на приватната потрошувачка изнесува 2,9% на реална основа, и се должи на растот на вработеноста и поинтензивниот раст на платите во К-4-2014. Растот на јавната потрошувачка изнесува 1,9% на реална основа. Реалниот раст на бруто инвестициите во К-4-2014 изнесува 1,8% и е значително забавен по растот од 18,7% во првите три квартали од 2014 година.

Графикон 1.2. Број на вработени и стапка на невработеност;
Извор: ДЗС




Позитивните движења на **пазарот на работна сила** продолжија и во К-4-2014. Според Анкетата на работна сила, бројот на вработени е повисок за 1,5% во однос на истиот квартал од претходната година. Растот на вработеноста е придружен со пад на бројот на невработени, кој на годишна основа е намален за 3,6%. Бројот на активно население е повисок за 0,1% на годишна основа. Ваквите движења на пазарот на работна сила предизвикаа стапката на невработеност во К-4-2014 да се намали на 27,6%, односно за 1

[2] Индексот во оваа дејност е над 500.

процентен поен (п.п.) споредено со истиот квартал од претходната година. Стапката на вработеност во К-4-2014 изнесува 41,5% и во однос на истиот квартал од претходната година е повисока за 0,6 п.п.. Активното население во К-4-2014 претставува 57,4% од вкупното работоспособно население, што е за 0,1 п.п. повисоко споредено со истиот квартал од претходната година.

## 2. Цени, трошоци и продуктивност

**Инфлацијата**, мерена според Индексот на трошоци на живот, во К-4-2014 забележа пад од 0,4% во однос на истиот квартал од 2013 година, по падот од 0,3% забележан во претходниот квартал. Падот на цените е резултат на намалените цени во категориите: Рекреација и култура од 5,7%, Транспорт од 4,4%, Комуникации од 2,5%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнината од 2,1%, Ресторани и хотели од 0,8% и Храна и безалкохолни пијалаци од 0,3%. Раст на потрошувачките цени во К-4-2014 е регистриран во категориите: Алкохолни пијалаци и тутун од 3,9%, Здравје од 2,2%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,4%, Останати стоки и услуги од 1,2% и Облека и обувки од 0,1%. Цените во категоријата Образование останаа непроменети.

Графикон 2.1. Годишна стапка на инфлација; Извор: ДЗС




**Цените на мало** во К-4-2014 забележаа намалување од 1,9% споредено со истиот квартал од 2013 година, по падот од 0,9% забележан во претходниот квартал. Падот на цените на мало во овој период се должи на намалените цени и на услугите и на стоките. Падот на цените во категоријата Услуги изнесува 2,6%, а во категоријата Стоки 1,3% на годишна основа. Притоа, пад на цените од 1,9% има кај индустриските производи, додека цените на земјоделските производи забележаа раст од 4,4%. Намалените цени на индустриските производи се резултат на пониските цени на непрехранбените индустриски производи од 3,0% и на прехранбените индустриски производи од 0,9%. Малопродажната цена на тутунот забележа раст од 4,4%, а на пијалаците 0,5%.

Просечната **нето плата** во К-4-2014 изнесува 21.904 денари и е за 3,0% повисока на номинална основа споредено со нето платата во К-4-2013. На реална основа, нето платата регистрира зголемување од 3,4%. Просечната **бруто плата** изнесува 32.077

денари и бележи раст од 2,8% на номинална основа, односно раст од 3,2% на реална основа, споредено со бруто платата во К-4-2013.




Растот на економската активност во К-4-2014 беше проследен и со раст на бројот на вработени. Притоа, економскиот раст го надмина растот на вработеноста, што резултираше и со раст на **продуктивноста на трудот** од 1,2%, со што продолжува позитивниот раст на продуктивноста.

## 3. Фискален сектор

Во четвртиот квартал од 2014 година беше забележано повисоко остварување на вкупните буџетски приходи за 11,1% во однос на истиот квартал од 2013 година, истовремено придружено со поголеми буџетски расходи за 13,1%. Ова придонесе **дефицитот на Буџетот** во К-4-2014 да изнесува 4.680 милиони денари или 3,4% од реализираниот БДП за овој квартал (дефицитот на Централниот буџет изнесуваше 4.455 милиони денари, односно 3,2% од кварталниот БДП).

Вкупните **буџетски приходи** забележаа учество од 29,8% од реализираниот квартален БДП и се повисоки за 11,1% споредено со истиот квартал од 2013 година, што најмногу се должи на повисокото остварување на даночните приходи од 15,6%, повисокото остварување на неданочните приходи од 9,3% и повисоките придонеси од 3,6%. Притоа, кај даночните приходи беше забележана повисока наплата кај акцизите, данокот на додадена вредност, персоналниот данок и данокот на добивка, како и кај приходите од царина, додека кај приходите од други даноци беше реализирана пониска



наплата.

Приходите од ДДВ доминираат и претставуваат 51,8% од вкупните даночни приходи и во К-4-2014 се повисоки за 11,0% споредено со истиот квартал од 2013 година. Во структурата на бруто приходите од ДДВ, бруто наплатата е повисока за 5,3%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 11,2% споредено со истиот период од 2013 година.

Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз, кој забележа раст од 3,7%, ДДВ од прометот во земјата забележа раст од 9,9%, додека учеството на ДДВ донациите забележа намалување од 55,7%, како и ДДВ повратот со намалување од 11,2%. Приходите од акцизи се повисоки за 15,2% споредено со истиот квартал од 2013 година. Во рамки на директните даноци, кај персоналниот данок на доход е забележано зголемување од 27,4%, Приходите од данокот на добивка беа зголемени за 73,1% во споредба со истиот квартал од претходната година, при што треба да се има предвид дека приходот за овој данок главно е резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации и по исплатена дивиденда и друга распределба од добивката и на задржан данок платен на странски правни лица.

Гледано од аспект на структурното учество во БДП, директните даноци, на годишна основа, го зголемија своето учество во БДП за 0,9 п.п. (3,7% од кварталниот БДП), додека кај индиректните даноци беше забележано зголемување на учеството во БДП за 1 п.п., односно учество од 13,4% на индиректните даноци во кварталниот БДП.

Наплатата на социјалните придонеси беше повисока за 3,6%, при што зголемување на наплатата беше забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско осигурување од 2,8%, придонесите за здравствено осигурување од 5,2% и придонесите за вработување од 4,9%. Неданочните приходи, кои претставуваа 2,1% од вкупниот квартален БДП, беа реализирани за 9,3% повеќе во однос на истиот период од 2013 година.

Капиталните приходи во К-4-2014 беа повисоки за 11,5% на годишна основа (во овие приходи спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови, како и приходи од дивиденди). Споредено со К-4-2013, приходите по основ на донации се повисоки за 19,1%.

Во К-4-2014 вкупните **буџетски расходи** со учество од 33,2% во кварталниот БДП беа повисоки за 13,1% споредено со истиот квартал од 2013 година. Тековните расходи, кои претставуваа 28,8% од кварталниот БДП, забележаа учество од 86,9% во вкупните расходи и беа реализирани за 10,9% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги беа реализирани за 8,7% повеќе, додека кај расходите за плати и надоместоци беше забележано зголемување од 4% во однос на истиот квартал од претходната година. Средствата за трансфери, кои учествуваа со скоро 2/3 во вкупните расходи (61,1%), беа

повисоки за 12,9% во однос на истиот квартал од 2013 година. Социјалните трансфери забележаа раст од 8,4% и учествуваа со 44,7% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 5,5% и учествуваат со 26,2% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 15,7%, односно забележа зголемување од 29,0% споредено со истиот квартал од 2013 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 3,4%, а субвенциите и трансферите за 108,4%.

Расходите за каматни плаќања беа зголемени за 10,3% споредено со четвртиот квартал од 2013 година, додека споредено со К-3-2014 тие се зголемени само за 0,7 п.п.. Расходите по камати на домашен долг забележаа раст од 8,8% во споредба со истиот квартал од 2013 година, додека каматите за странскиот долг се зголемени за 11,6%, но споредено со третиот квартал од 2014 година тие се повисоки за 7,5 п.п..

Капиталните расходи кои претставуваа 4,3% од кварталниот БДП споредено со истиот квартал од 2013 година беа повисоки за 30,2%, односно оствarija учество од 13,1% во вкупните расходи.

Фискалното оптоварување, мерено како утврден дел на буџетските приходи во однос на номиналниот БДП, во К-4-2014 изнесуваше 26,4% што претставува зголемување на оптоварувањето за 2,3 п.п. во однос на К-3-2014. Вкупните буџетски расходи претставуваа 33,2% од кварталниот БДП, што е за 4,3 п.п. повисок реализиран износ во однос на К-3-2014, односно намалување од 3 п.п. на годишна основа.

Графикон 3.2. Долг на централна влада и негова структура; Извор: МФ




Вкупниот **долг на централната влада** на крајот на К-4-2014 забележа намалување на своето учество во БДП за 1,1 п.п. во однос на К-3-2014 година. Учеството на надворешниот долг на централната влада во нејзиниот вкупен долг беше зголемено за 1,3 п.п. во однос на К-3-2014, додека учеството на внатрешниот долг на централната влада во нејзиниот вкупен долг беше намалено за исто толку, односно за 1,3 процентни поени. Со тоа, учеството на внатрешниот долг на централната влада беше намален на 35,9% од нејзиниот вкупен долг.

## 4. Монетарно-финансиски движења

Во четвртиот квартал на 2014 година, НБРМ ја задржа основната каматна стапка непроменета, на нивото од 3,25%, со оглед на отсуство на позначителни промени во амбиентот на спроведување на монетарната политика. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена е намалена за 0,25 п.п. и во декември 2014 година изнесуваше 1%.

**Примарните пари**[3] во К-4-2014 година регистрираа забрзан квартален раст од 8,3% (растот во К-3-2014 изнесуваше 2,9%) во услови на раст на вкупната ликвидност на банките од 9,8% и на готовите пари во оптек од 6,6%. Во однос на декември 2013 година, примарните пари се зголемија за 13,8% (наспроти растот од 7,5% во К-3-2014), како резултат на зголемувањето на готовите пари во оптек од 12,1% и на вкупната ликвидност на банките од 15,3%.

Во текот на четвртиот квартал од 2014 година најтесната парична маса **М1** забележа квартален раст од 11,5% во однос на К-3-2014. **Монетарниот агрегат М2** во К-4-2014 забележа раст од 3,1%, додека најширокиот **монетарен агрегат М4** се зголеми за 3,9%.

**Вкупниот депозитен потенцијал**[4] на банките во К-4-2014 година се зголеми за 3,9% на квартална основа, односно бележи зголемување во однос на претходниот квартал, кога беше регистриран раст од 3,6%. Од аспект на секторската структура, зголемениот депозитен потенцијал се должи на растот на депозитите на домаќинствата од 3,2% и растот на депозитите на приватните претпријатија од 6,3%.

Графикон 4.1. Кредити и кредитен раст и М4; Извор: НБРМ




Од аспект на валутата, денарските депозити се зголемија за 7,4%, додека девизните депозити се намалија за 1,0% во однос на претходниот квартал. Степенот на евроизација е намален за 2,0 п.п., односно на 40,4%, мерен преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

[3] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[4] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

Според рочноста, во изминатиот период се забележува континуиран раст на учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал, кое во К-4-2014 достигна 27,2%, што е во согласност со кварталниот раст на долгорочните депозити од 6,4% (4,7% во К-3-2014). Во анализираниот период, краткорочните депозити забележаа пад од 1,2%.

**Кредитната активност на банките кон недржавниот сектор** во К-4-2014 година бележи квартален раст од 3,6% (наспроти растот од 1,4% во претходниот квартал), во услови на раст на кредитите кон домаќинствата од 2,4% и раст на кредитите кон приватните претпријатија од 4,4%. Од валутен аспект, денарските кредити го водеа растот на вкупните кредити и се зголемија за 4,0% на квартално ниво, додека кредитите во странска валута во К-4-2014 година регистрираа квартален раст од 2,3%.

Според рочноста, долгорочните кредити во К-4-2014 година бележат квартален раст од 3,9%, додека краткорочните кредити се зголемија за 6,9%.

Графикон 4.2. Каматни стапки (КС) на депозитни банки;
Извор: НБРМ




Во четвртиот квартал од 2014 година, НБРМ ја задржа **каматната стапка на благајничките записи** непроменета, на ниво од 3,25%. Каматните стапки на депозитните банки забележаа надолни поместувања на квартална основа и во К-4-2014. Имено, каматната стапка за денарските кредити се намали за 0,1 п.п. во однос на претходниот квартал и изнесува 7,3%. Со тоа продолжи трендот на намалување на оваа каматна стапка, кој започна од почетокот на 2010 година. Каматната стапка на девизните кредити се намали од 6,2% во К-3-2014 на 6,1% во К-4-2014. Каматната стапка на денарските депозити во К-4-2014 изнесува 3,4% и е намалена за 0,3 п.п. во однос на претходниот квартал, додека каматната стапка на девизните депозити се намали за 0,1 п.п. и изнесува 1,2% во К-4-2014.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-4-2014 остана непроменета и изнесува 6,6%, додека каматната стапка на новоодобрените девизни кредити се зголеми за 0,1 п.п. и изнесува 5,9%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити се намалени за 0,1 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесуваат 1,9% и 0,3% соодветно.

На **пазарот на капитал**, во четвртиот квартал од годината се забележа повеќекратен раст на вкупниот промет на берзата, односно тој се зголеми за 7,3 пати во однос на претходниот квартал, што главно се должи на зголемениот износ на блок трансанкциите, кој оствари раст поголем за 4,8 пати во споредба со претходниот квартал, како и на растот на прометот остварен преку класичното тргување од 30,2%. Ова драстично зголемување се должи најмногу на промените на пазарот на берзата во октомври 2014 година, односно како резултат на јавната понуда на хартии од вредност на неколку компании.

Во однос на истиот квартал од претходната година, вкупниот промет исто така забележа повеќекратен раст од 4,4 пати, во услови на зголемен промет од класичното тргување. Прометот остварен преку класично тргување забележа раст од 48,3% на годишна основа.




Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења, на крајот на четвртиот квартал изнесуваше 1.844,20 индексни поени, што претставува раст од 7,6% во однос на септември 2014 година, додека во однос на декември 2013 година индексот е повисок за 6,1%.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешно-трговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, во К-4-2014 вкупната надворешно–трговска размена со странство изнесува 2.463,8 милиони евра и бележи раст од 11,1% во однос на истиот квартал од 2013 година.

Во К-4-2014 **извозот** на стоки изнесува 987,2 милиони евра и во однос на истиот квартал од претходната година се забележа раст од 12,4%, додека во однос на претходниот квартал раст од 0,4%.

Анализирано **по сектори на СМТК** (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во **извозот** во К-4-2014 во однос на истиот квартал од 2013 година се забележуваат кај:

- машини и транспортни уреди се зголеми за 69,2% (во рамки на кои се зголемија категориите: електрични машини, апарати и делови за речиси двапати или 46,2 милиони евра; индустриски машини и делови за 49,4% или 31,6 милиони евра; и друмски возила за 85,7% или 11,9 милиони евра);
- хемиски производи за 26,2% (хемиски материи и производи се зголеми за 34,8% или 47,8 милиони евра);
- разни готови производи за 7,7% (мебел и негови делови, постелнина, душеци и слично за двапати или 11,7 милиони евра);
- производи за храна за 9,6% (во рамки на кои се зголемија категориите: жита и преработки од жита за 20,5% или 3 милиони евра; и овошје и зеленчук за 7,8% или 3 милиони евра);
- минерални горива и мазива за 28,5% (електрична енергија се зголеми повеќекратно или 4,5 милиони евра); и
- суровини освен гориво за 4,9% (метална руда и отпадоци од метал за 7,8% или 3 милиони евра).

Од друга страна, негативни движења во извозот се забележуваат кај:

- производи класирани по материјалот за 19,7% (железо и челик се намали за 25,3% или 43,2 милиони евра); и
- пијалаци и тутун за 27,8% (во рамки на кои категориите тутун и производи од тутун за 39% или 13,5 милиони евра; и пијалаци за 10,1% или 2,2 милиони евра).

Во К-4-2014, гледано по **економска намена,** најголемо учество во извозот имаат: стоки за индустриски набавки (46,8%), потоа следуваат стоки за широка потрошувачка (18,7%), производи за инвестиции без транспортна опрема (13,2%), храна и пијалаци (10,5%), транспортна опрема (9%) и горива и мазива (1,7%).

**Увозот на стоки** во К-4-2014 изнесува 1.476,6 милиони евра и претставува раст од 10,3% во однос на К-4-2013, додека во однос на претходниот квартал бележи раст од 5,4%.

Анализирано **по сектори на СМТК,** најголемо позитивно придвижување на **увозот** во К-4-2014 во

Графикон 5.1. Надворешно трговска размена; Извор: ДЗС



однос на К-4-2013 се забележува кај:

- o производи класирани по материјалот за 23,7% (при што зголемување има кај категориите: обоени метали за 49,8% или 63,6 милиони евра; изработки од неметални минерали за 37,2% или 13,8 милиони евра; и железо и челик за 18,9% или 12,1 милиони евра);
- o машини и транспортни уреди за 27,4% (електрични машини, апарати и делови за 51% или 28,9 милиони евра; машини специјализирани за одредени индустрии за 57,9% или 11,9 милиони евра; и друмски возила за 24,5% или 11,8 милиони евра);
- o производи за храна за 2,7% (овошје и зеленчук за 17,1% или 3,2 милиони евра; и риби и преработки од риби за 28,5% или 1,5 милиони евра);
- o разни готови производи за 10,3% (мебел и негови делови, постелнина, душеци и слично за 28,7% или 2,3 милиони евра) и
- o пијалаци и тутун за 8,6% (при што зголемување има кај категоријата тутун и производи од тутун за 17,7% или 1,4 милиони евра).

Најголемо негативно придвижување на увозот се забележува кај:

- o минерални горива и мазива за 16,9% (нафта и производи од нафта за 18,9% или 27,4 милиони евра);
- o хемиски производи за 0,9% (производи за боење и штавење за 72,3% или 21,9 милиони евра) и
- o суровини освен гориво за 2,1% (метална руда и отпадоци од метал се намали за 7,4% или 1,9 милиони евра);

Гледано по **економска намена,** во К-4-2014 најголемо учество во увозот имаат: стоки за индустриски набавки (47,9%), потоа следуваат производи за инвестиции без транспортна опрема (13,9%), горива и мазива (11,6%), храна и пијалаци (10,7%), стоки за широка потрошувачка (10,3%) и транспортна опрема (5,6%).

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-4-2014
Извор: Пресметки на МФ врз база на податоци од ДЗС



Надворешно-трговската размена на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 27) во К-4-2014 е зголемена за 3,2% во однос на К-4-2013, при што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена се намалило за 0,3 п.п. во однос на четвртиот квартал од 2013 година и изнесува 67%. Притоа извозот на стоки учествува со 74,9%, а увозот на стоки со 61,8%.

Како резултат на структурните промени во размената со странство, во четвртиот квартал од 2014 година 85,7% од трговскиот дефицит на земјата е последица на дефицитот во размената со Велика Британија, Грција, Кина, Турција и Србија, а остатокот од дефицитот во размената со: Италија, Словенија, Франција, Русија, Романија и други. Суфицит во размената е остварен со Германија, Косово, Хрватска, Белгија и Босна и Херцеговина.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народна банка на Република Македонија за платно-билансните движења, во четвртиот квартал од 2014 година на тековната сметка беше регистриран дефицит од 9,7 милиони евра, што претставува 0,4% од БДП[5] и споредено со истиот квартал од 2013 година бележи стеснување за 2,2 п.п..

Графикон 5.3. Салдо на тековна сметка; Извор: НБРМ




На годишно ниво, салдото на тековната сметка во К-4-2014 е намалено за 83,3%, за што најголем придонес имаше зголемениот суфицит на сметката на услуги за 25,4% и зголемените приливи на сметката на секундарен доход за 8,3%. Од друга страна, во спротивна насока влијаеше зголемувањето на дефицитот од сметката на примарен доход за 1,0% и зголемениот дефицит на трговската сметка за 0,2%.

Во услови на поголемо апсолутно зголемување на увозот од извозот на стоки, **трговскиот дефицит** во К-4-2014 забележа незначително продлабочување за 0,2% на годишно ниво (или за 0,8 милиони евра) и изнесува 21,5% од кварталниот БДП.

Во К-4-2014, во услови на поголемо апсолутно зголемување на извозот од увозот на услуги, беше регистрирано зголемување на салдото на **сметката на услуги** за 25,4% на годишно ниво.

[5] Во пресметката е користен БДП за четвртиот квартал од 2014 година, објавен од Државен завод за статистика.

Трговската отвореност на Република Македонија во К-4-2014 изнесува 113,9% од БДП и е зголемена за 9,9 п.п. во однос на истиот квартал од 2013 година.

Сметката на примарен доход во К-4-2014 забележа дефицит од 55,6 милиони евра и забележа продлабочување за 1,0% на годишно ниво, што влијаеше во спротивна насока на движењето на тековната сметка.

Графикон 5.4. Тековна сметка; Извор: НБРМ




Салдото на сметката на секундарен доход во К-4-2014 изнесува 438,7 милиони евра и бележи раст од 7,7% на годишно ниво. Растот се должи на зголемувањето на доходот (3,8%) од секторот Финансиски претпријатија, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции, коишто им служат на домаќинствата[6] кој учествува со 90,7% во сметката на секундарен доход и зголемувањето на доходот од секторот Држава за 70,6% кој учествува со 9,3% во сметката на секундарен доход.

Салдото на капиталната сметка во К-4-2014 изнесува 5,2 милиони евра и е стеснето за 9,4% во однос на К-4-2013, што во најголем дел се должи на намалениот прилив на капитални трансфери за 16,6%.

Нето-задолжувањето на земјата во К-4-2014 изнесува 4,5 милиони евра, што значи дека е намалено за 91,3% на годишно ниво.

Директните инвестиции во земјата во К-4-2014 изнесуваат 63,6 милиони евра и се зголемени за 9,5% на годишно ниво (или за 5,5 милиони евра), во најголем дел поради зголемениот прилив по основ на сопственички капитал (зголемување за 61,7% во К-4-2014) и приливот на средства од должнички инструменти (зголемување за пет пати или за 75,1 милиони евра), додека во спротивна насока делуваше негативното салдо односно одливите по основ на реинвестирана добивка која во К-4-2014 изнесува -53,6 милиони евра.

Портфолио инвестициите во К-4-2014 изнесуваат 5,7 милиони евра и на годишно ниво бележат намалување од 56,6% односно 7,5 милиони евра.

---

[6] Во сметката на Секундарен доход спаѓаат доходите од секторите 1. Држава и доходи  и 2. Финансиски претрпијатија, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции, коишто им служат на домаќинствата, во кои се вклучени 2.1/Личните трансфери (тековни трансфери помеѓу резидентни и нерезидентни домаќинства) и 2.2/Останати тековни трансфери.

**Останатите инвестиции** во К-4-2014 изнесуваат 69,6 милиони евра и на годишно ниво бележат двојно поголем раст. Во рамките на категоријата останати инвестиции валутите и депозитите се зголемија трикратно, додека заемите се зголемија за 14,6%.

Графикон 5.5. Финансирање на тековната сметка; Извор: НБРМ




**Девизните резерви** во четвртиот квартал од 2014 година бележат намалување за 50,1% во однос на истиот квартал од 2013 година.